АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E ENERGJETIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-346/2
16.05. 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 20 став 1 и член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и член 11 став 11 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр.62/05, 41/14 и 83/18), а постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.03-346/1 од 27.04.2022 година доставено од барателот на информација Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, Скопје Ул.Емил Зола бр.9/2-20, 1000 Скопје преку застапник/полномошник Марија Пацароска Стојковиќ, административен асистент на ден 28.04.2022 година, В.Д. Директорот на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, го донесе следното:

Архивски знак: 03-346/2
1 год.
12.05 2022
Скопје
Потпис,

# РЕШЕНИЕ

## За уважување на барање за пристап на информации од јавен карактер

1.Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.03-346/1 од 27.04.2022 година доставено од барателот на информација: Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, Скопје Ул.Емил Зола бр.9/2-20, 1000 Скопје преку застапник/полномошник Марија Пацароска Стојковиќ, административен асистент се УВАЖУВА.

2.Барателот на информација: Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, Скопје Ул.Емил Зола бр.9/2-20, 1000 Скопје преку застапник/полномошник Марија Пацароска Стојковиќ, административен асистент, се информира дека :

1.

- Во 2020 година нема вработени на кои им престанал работниот однос.
- Во 2021 година работниот однос им престанал на: 1 (еден) службеник со звање дипломиран економист, на работно место помлад соработник за енергетска статистика, информациски систем и ИТ, поради превземање преку постапка за мобилност од друга институција и 1 (еден) службеник со звање магистер по економски науки на работно место советник за финансиски и економски прашања, поради барање на службеникот.
- Во првите 4 месеци од 2022 година работниот однос по основ пензионирање му престанал на 1 (еден) службеник со звање дипломиран економист, на работно место раководител на одделение за финансиски прашања.

2.

- Во 2020 година нема нови вработувања и превземања.
- Во 2021 година нема нови вработувања и превземања.

ул. Јуриј Гагарин бр.15, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
телефон /факс: 02 32 30 300; e-mail: ea@ea.gov.mk, www.ea.gov.mk
Rr. "Jurij Gagarin" Nr: 15, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
telefon / fax: 02 32 30 300; e-mail: ea@ea.gov.mk, www.ea.gov.mk

- Во првите 4 месеци од 2022 година нема нови вработувања и превземања.
3.
-Во 2020 во Агенцијата нема вработени на определно време, авторски договор или друг основ.
- Во 2021/2022 Агенцијата ги има ангажирано следниве лица:
1.Еден дипломиран правник, ангажиран со договор на дело за извршување на административни работни задачи од обласа на правните работи поврзани со основната дејност на Агенцијата за период од 01.04.2021 година и сеуште трае.
2.Еден дипломиран туризмолог, ангажиран со договор на дело за извршување на административни работни задачи од обласа на стратешко планирање поврзани со основната дејност на Агенцијата за период од 01.04.2021 година и сеуште трае.
3. Еден дипломиран правник, ангажиран со договор на дело за извршување на административни работни задачи од обласа на јавните набавки поврзани со основната дејност на Агенцијата за период од 09.04.2021 година до 31.05.2021 година.
4.Еден дипломиран економист, ангажиран со договор на дело за административни работни задачи од обласа на сметководствени работи поврзани со основната дејност на Агенцијата за период од 04.08.2021 година до 28.02.2022 година.
- Во првите 4 месеци од 2022 година нема други нови вработени на определно време, авторски договор или друг основ.

3.Бараната информација да се достави по е-маил.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 27.04.2022 година во архивата на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија е заведено Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.03-346/1 од 27.04.2022 година доставено од барателот на информација Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, Скопје Ул.Емил Зола бр.9/2-20, 1000 Скопје преку застапник/полномошник Марија Пацароска Стојковиќ, административен асистент.

Барателот од имателот на информацијата во случајов Агенцијата за енергетика, ги бара следниве податоци :

1.На колку вработени им престанал работниот однос , наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос за 2020,2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година?

2.Колку нови вработувања и превземања се направени во Агенцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година?

3.Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала Агенцијата, навеени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година?

Содржината на бараната информација е побарано да се достави по е-маил.

Врз основа на горенавденото, а во согласност со член 20 став 1 и член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 11 став 11 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија на ден 28.04.2022 година В.Д. Директорот на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на решението.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова Решение незадоволната страна може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение.

В.Д. Директор,
Дарио Николовски

Скопје, 28.04.2022 година

Подготвил-овластено службено лице: м-р Наташа Стефаноска
Контролирал: Станиславка Николовска
Одобрил: Сања Чамевска

Доставено до:
-Подносител на барањето
-Архивата на Агенција за енергетика на РСМ